**Врз основа на Законот за работни односи Република Македонија и измени на законот за работни односи објавени во Службен Весник бр. 130/09 од 28.10.2009 ,а согласно одлуката за основање на Основачкото Собранието на Бизнис Конфедерација на Македонија на ден 19.11.2009 год. го донесе следниов :**

# СТАТУТ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### 1. Име, седиште и цели

Член 1

Бизнис Конфедерацијата на Македонија, е организација основана од работодавачи и организации на работодавачи, ги подржува општите и посебните права и интересите на работодавачите, сопствениците и слободното претприемништво. Главна цел на Организацијата е Економски развој на членовите, застапување пред законодавните институции и социјалните партнери, поттикнување на социјалниот дијалог,намалување на невработеноста, унапредување и ефикасност на Работодавачите во Р. Македонија.

Бизнис Конфедерацијата е непрофитна и навладина организација ,Организацијата ги подржува и прифака Законите и Уставот на Република Македонија,како и статутот на Мегународната Организација на Трудот . Не предвидува во своите активности политичко или синдикално делување,ниту пак имотот или средствата да бидат користени во политички или синдикални цели.

Член 2

Име на Организацијата:
-Бизнис Конфедерација на Македонија.
Седиште:
-Васил Ѓоргов бр.11 1000 Скопје Р.Македонија Поштенски Фах. 692
-Постојана адреса:Васил Ѓоргов бр.11 1000 Скопје
Дејствување:
-Бизнис Конфедерацијата , својата дејност утврдена според Законот за работни односи ке ја извршува во своето седиште,во регионалните канцеларии во Р.Македонија и во своите претставништва вон Р.Македонија

Член 3

Бизнис Конфедерацијата на Македонија има печат и штембил.
Печатот е стандардна кружна форма со апликација на логото на Организацијата и испишана скратеница на организацијата во средината на печатот.

Штембилот на Бизнис Конфедерацијата на Македонија е во правоаголна форма . Во горниот дел е испишано името наБизнис Конфедерација наМакедонија со мали букви .
Во средината , во два реда е просторот за деловодните бројки и датум.,

Член 4

Бизнис Конфедерација на Македонија е независна и самостојна во поглед на остварувањето на своите цели, интереси и активности утврдени со овој Статут.

Членовите , своите права, должности и одговорности ги остваруваат согласно Уставот, законите на Република Македонија и Статутот на Организацијата

Работата на здружението е јавна и секој нејзин член е должен и слободен да изврши увид во работењето .

Заради остварување на застапеност и трнспарентност пред јавноста, здружението својата годишна акцона програма и годишниот извештај ќе ги објавува во еден од дневните весници што се издаваат во Републиката

Член 5

Полноправни членови на здружението може да бидат сите правни лица, како и нивните професионални организации односно , менаџери, организирани поединечно или во здруженија и асоцијации на територијален,регионален или грански принцип.

-Секој што е заинтересиран за зачленување доставува пристапница до Управниот одбор на здружението заради добивање на статус полноправен член .

-Секој член уплаќа членарина во износ утврден со посебен правилник.

- Управниот одбор ја прифака или одбива молбата-пристапницата за членство.

-Управниот одбор молбата ја доставува до Собранието на ратификација на првата наредна седница.

-Управниот одбор го одредува бројот на преставникот на новиот член на Собранието на здружението.

Статусот полноправен член се губи:

- со истапување од здружението
- исклучување, изгласано од страна на Собранието со апсолутно мнозинство, заради делување спротивно на статутот или други акти на здружението.

Здружението води регистар на членство, заради евиденција на неговиот состав во секој момент.

Член 6

Во здружението може да пристапат во својство на придружни членови, меѓутоа без право на глас, сите физички лица кои сакаат со своето искуство да придонесат за подобро остварување на целите.

Член 7

Најважни цели на здружението се:

а) Промовирање на приватна иницијатива и пазарна економија;

б) Промовирање и одбрана на единството и интеграција на претприемаштвото;

в) Потикнување на стопанскиот развој на земјата,

г) Развој на социјалниот дијалог во земјата и колективното преговарање,

д) .Мегународна соработка ,развој на регионалната соработка

2.Надлежност

Член 8

Надлежности на здружението се:

а) претставување и застапување на интересите на членовите од општи и заеднички аспекти, пред сите органи и организации на Р. Македонија;

б) промовирање на формирање на претприемачки организации

в) проучување на сите проблеми кои се појавуваат кај работодавателите, кој имаат општ карактер, усогласување на решенијата за заеднички интереси на делување на работодавачите

г) Колективните договори , кои имаат влијание на положбата и интересите на членовите;

д) изработување на препораки за членовите и овластените преставници на организацијата во поглед на застапување о претставување на нивните цели и интереси;

ѓ) давање услуги на други сродни и специфични организации;

е) промовирање на современи методи и техники на управување со претпријатијата

ж) воспоставување, одржување и унапредување на односите со домашни, странски и меѓународни институции.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

1.Права

Член 9

Правата на полноправните членови се:

а) да именуваат свој преставник за член на Собранието на здружението (во понатамошниот текст-претставник);
б) да ги користат услугите, на начин кој што се регулира со правилник.

Правата на преставниците во Одборот се:

а) Да бира и да биде избран на претставнички и раководни места;
б) Благовремено да информира и да биде информиран за делувањето и прашања што се од значење за членовите;
в) Да интервенира за работи во склоп со пропишаните норми;
г) Слободно да го излагаат своето мислење за сите прашања од интерес на раководење и организација како и формулирање на предлози и молби на други органи;
д) Да бараат од здружението да превземе мерки со цел за одбрана на интересите на членовите кои ги претставуваат;
ѓ) Да придонесат со својот глас за усвојување на спогодба и норми во Одборот или во други органи каде што се делегирани.

2.Обврски

Член 10

Обврски на полноправниот член на здружението се:

а) Исполнување на сите важечки договори прифатени од страна наОдборот;
б) Да не ги попречува, директно или индиректно, активностите на здружението,
в)Доставување информација за прашања од посебен интерес за здружението во случај кога тоа го бараат управните органи на здружението.
г) Уплатување на чланарина на здружението, во висина која што го определува Управниот одбор.

Член 11

Обврски на претставниците во Одборот се:

а) Учество во бирање на почесен претседател, членови на Управниот одбор, извршен претседател и членови на Надзорниот одбор;
б)Извршување на фукцијата на која што се избрани
в) Усогласување на своето дејствување со нормите на Статутот, како и другите акти на здружението,
г) Присуство на состаноци на кои што се повикани.

Член 12

Правата на придружните членови како и нивните преставници ке бидат определени со договорот за зачленување, како и правилникот за внатрешно уредување, во согласност со минималните права признати со овој Статут.

Член 13

Во случај кога некој од претставниците на Собранието не ги исполнува своите должности, Управниот одбор може да бара од членовите на здружението кои што го претставуваат да биде заменет .

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛУВАЊЕ

Член 14

-Собрание на здружението
-Управни органи на здружението се:
1. Управен одбор
2. Надзорен одбор

-Раководни места на здружението се:
1. Претседател
2. Извршен Претседател
3. Генерален Секретар

Член 15

Собранието е највисок орган на управување и одлучување,работи на седници или во постојани комисии.

Член 16

Пленум го сочинуваат сите преставници на полноправните членови на здружението.
Секој полноправен член може да има свој преставник во Собраниската Конференција. Членот може да има и повеке преставници, доколку тоа го утврди Управниот одбор, земајки го во предвид значењето на друштвото кое што го преставува, вкупниот број на вработени, процена на вредноста на производството, додатни вредности како и други показатели кои што ке бидат одредени со интерен правилник.
Последните три месеци пред истекот на мандатот како и пред да се пристапи кон свикување избори заради именување на должност, Управниот одбор во склад со моментално важечките прописи на, здружението ќе додели одреден број на гласови на секој полноправен член.

Член 17

Исклучива надлежност на Собранието во пленум е следната:
а) Измена и дополнување на Статут;
б) Верификација на програмите и плановите на Управниот одбор;
в) Избор на почесен претседател
г) Избор на извршен претседател и членови на управниот одбор;
д) Избор на членови на Надзорниот одбор;
ѓ) Го одобрува финансискиот план;
е) Го одобрува годишниот план на активности;
ж) Одобрува исклучување на полноправни членови на здружението;
з) Одлучува за престанок на раководителските функции;
ѕ) Донесува одлука за распуштање и ликвидација на здружението како и договори за зачленување, спојување и здружување со организации од иста природа;
и) Го потврдува приемот на нови полноправни членови, предложени од страна на Управниот одбор;
ј) Ги ратификува надлежностите на преставниците на Одборот, доделени од страна на Управниот одбор;
к) Одбрува проширување на Управниот одбор за време на избори во рамки на Статутот. Новите места ке бидат пополнети како слободни места, а мандатот на избраните членови ке трае до крај на тој период.

Член 18

Собранието се свикува најмалку еднаш годишно.
Собранието се свикува вонредно, кога тоа ќе го побара најмалку 2/3 од неговиот состав, Управниот одбор, Надзорниот одбор или Извршниот Претседател.

Собранието ке биде свикано од страна на Извршниот Претседател најмалку 15 дена предходно, со назначување на време, место на одржување како и дневен ред. Во случај на итност, по мислење на Извршниот Претседател свикувањето може да се изврши и преку телеграма, која што е предадена три дена претходно. Дневниот ред ке биде утврден од страна на Управниот одбор, на предлог на Извршниот Претседател. Во случај на вонредно свикување, обавезно треба да се наведат предложени точки на дневниот ред од страна на оние кои го побарале тоа.

Управен одбор

Член 19

Управниот одбор е колегијален орган на управување, раководење, администрација и одлучување во Конфедерацијата, кој е составен од Претседател и најмалку 5 членови меѓутоа не повеќе од 15% од вкупниот број на именувани преставници во Собранието.
Генералниот секретар учествува во работата на Управниот одбор и ја остварува функцијата секретар на состаноците што е негова должност. Генералниот секретар не е член на Управниот одбор и нема право на глас.
На состаноците на Управниот одбор може да бидат повикани членови на специјални комисии доколку за тоа има потреба.

Член 20

Функции на Управниот одбор се:
1. Управување со активностите на здружението во рамки на своите надлежности;
2. Организира извршување на договори одобрени од страна на Собранието;
3. Одлучува за прием на нови полноправни членови на и исклучување од здружението и доставува одлуки до Собранието заради ратификација;
4. Доделува број на преставнички места во Собранието на новите примени членки;
5. Донесува годишен план на активности;
6. Ја утврдува висината на членарината;
7. Донесува финансиски план;
8. Донесува одлуки во врска со реализација на финансискиот план;
9. Континуирано го прати функционирањето на здружението;
10. Усвојува договори во поглед на набавки и распределба на материјални добра;
11. Предлага на Собранието формирање на специјални комисии од траен карактер;
12. Именување и сменување на Генералниот секретар на здружението;
13. Одобрува, на предлог на Генералниот секретар, ангажирање на лица и услуги;
14. Одобрува договори за кои е надлежно Собранието ,кога итноста е поголема од состанување на Собранието за одлучување. Во такви случаи потребно е истовремено да се свика Собранието за да му се достави договор за ратификување; без овој услов за свикување договорот нема да биде полноважен;
15. Одобрување договор за трошење на средства;
16. Доделување надлежности на ополномоштените членови пред свикување нови избори и одредување на почетниот состав на Собранието;
17. Одредување на почеток на изборниот период број на членовите кои што ке го сочинуваат Управниот одбор;
18. Вршење на други функции кои што ќе ги определи Собранието.

Член 21

Управниот одбор се состанува по потреба, а најмалку шест пати годишно, по одлука на Извршниот Претседател и Надзорниот одбор или на барање на 1/3 од своите членови.
За свикување на Управниот одбор важат нормите од член 17 , а рокот за известување е смален на осум односно два дена.

Надзорен одбор

Член 22

Надзорниот одбор е колегијален орган од траен карактер задолжен за конкретна примена на Статутот,како и на сите правилници и спогодби кои се на сила.

Одборот го сочинуваат председател и два члена именувани од Собранието на предлог на Управниот одбор.
Членовите на Одборот мора да бидат представници во Собранието.Претседателот на Организацијата му предлага на Управниот одбор именување на Секретар на Надзорниот одбор, кој по струка мора да биде адвокат.
Одборот заради подобра ефикасност на своите функции, овластен е да ги доставува на ревидирање на надлежните управни органи сите спогодби или одлуки за кои смета дека се во спротивност со Статутот.

Член 23

Почесен Претседател

Почесен Претседател на здружението го избира Собранието , на начин предвиден во изборната постапка со овој Статут.

Почесен Претседател има следни овластувања :
-го претставува здружението и во нејзино име обавува работи од промотивна и др. природа без ограничувања,освен во случаите предвидени со Статутот,давајќи за таа цел полномошна по претходен договор со Управниот одбор,
-на Управниот одбор му предлага и доставува на одобрување,активности за развој,подобрување на работата и др. На конфедерацијата
-пренесува привремено на некој од потпретседателите дел од своите функции или во негово отсуство на членовите на Управниот одбор,
-работи на реализирање на Статутот и правилата за внатрешната работа на здружението - неговиот глас е одлучувачки во случај на нерешено.
-се избира на секој две(2) години од страна на управниот одбор на организацијата –
-функцијата на Почесниот Претседател престанува во следните случаи :
 -по сопствено барање,
 -со одлука на управниот одбор донесена со апсолутно мнозинство на претставниците,
 -со истекот на мандатот.

Извршен Претседател

Член 24

Извршниот Претседател на здружението го избира Собранието , на начин предвиден во изборната постапка со овој Статут.
Извршниот Претседател ги има следните овластувања :
-го претставува здружението и во нејзино име обавува работи од правна и др. природа без ограничувања,освен во случаите предвидени со Статутот,давајќи за таа цел полномошна по претходен договор со Управниот одбор,
-ги свикува седниците на Собранието,Управниот одбор,претседава и ги води нивните седници и се грижи за извршување на склучените спогодби,
-на Управниот одбор му предлага и доставува на одобрување,основање на комисии од привремен карактер,
-пренесува привремено на некој од потпретседателите дел од своите функции или во негово отсуство на членовите на Управниот одбор,
-работи на реализирање на Статутот и правилата за внатрешната работа на здружението -во органите во кои претседава неговиот глас е одлучувачки во случај на нерешено.
-Извршниот Претседателот располага со средствата на здружението и е потписник на сметката на организацијата

Член 25

Функцијата на Извршниот Претседател престанува во следните случаи :
-по сопствено барање,
-со одлука на Собранието донесена со апсолутно мнозинство на претставниците,
-со истекот на мандатот.

Во случај на испразнетото место на Извршниот Претседател,неговите функции ги извршува првиот генералниот секретар ,согласно овој Статут,со тоа што е должен во рок од два месеца да свика избори за Извршен Претседател.
Претседателот избран согласно претходниот став,останува само до крајот на изборниот период.

Генерален секретар

Член 26

Генералниот секретар е задолжен за управување со техничките и административните служби (Секретаријат) и тој е присутен, но без право на глас, на состаноците на органот на управување на Здружението. За негово именување и сменување е задолжен Управниот одбор, . На Генералниот секретар ќе му помага еден или повеќе помошни секретари, именувани од страна на Управниот одбор, на предлог на Претрседателот. Тие можат да го заменат Генералниот секретар во вршење на конкретни должности за кои го овластил Управниот одбор.

Член 27

Функциите на Генералниотсекретар :

а) Да настапува како Секретар на состаноците на Управниот одбор и
б) ги води актите за истите кои оверени од страна на Председателот, тој ги одобрува со својот потпис;
в) Предупредувања во случаи на незаконити договори кои здружението ги внело во разгледување
г) Доставува на членовите одобрени договори;
д)Ангажира и отпушта лица, со претходноодобрение на Управниот одбор и предложува основање на технички и административни служби и договарање на услуги;
ѓ) Врши непосредно оперативно управување и контрола над било која техничка и административна служба;
е) Издава копија и потврди, оверени од страна на Извршниот Претседател, во поглед на документите и книгите кои му се доверени;
.
Начин на одлучување

Член 28

Сите органи можат половажно да одлучуваат ако на местото и во часот на свикување се присутни или застапувани половина плус еден од вкупниот број на нивните членови. На сите состаноци на органот на здружението, со исклучок на изборните председава Извршниот Председател или еден од подпредседателите.
Воколку бројот на присутните не е доволен за кворум, состанокот се одложува.

Член 29

Исклучувајки ги случаите кои според овој Статут и други акти бараат квалификувано мнозинство, договорите се одобруваат со просто мнозинство на гласови.

Член 30

Со исклучок на изборните состаноци, секој член на органот на здружението може да ополномошти некој друг член на овој орган да го застапува на состанокот. Тоа овластување мора дабиде писмено, за конкретен состанок за кој станува збор.

Престанок на ракаводните функции

Член 31

Раководните функции престануваат:
а) На лична молба;
б) При замена на представникот на полниправниот член на здружението во Собранието;
в) Со одлука на апсолутното мнозинство на представниците во Собранието;

г) По истек на мандатот.

## IV. ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Член 32

Изборите за сите раководни места во здружението, се обавуваат со слободни и тајни гласања. Изборниот мандат трае четири години. На сите оние кои се избрани поради пополнување на слободни или нови места, мандатот ќе им трае онолку колку што останало до новиот изборен период.

1. Избор на извршен претседател и членови на Управниот одбор

Член 33

Избор на извршен претседател се одржува на секој пет(5) години

Член 34

Најмалку четириесет дена пред одржување на изборите, здружението ги обавестува секоја од членките за почетниот состав на Собранието за следниот период, претходно утврден од страна на Управниот одбор, специфицирајки го бројот на представниците кој е доделен на секој од нив и најмалку дваесет дена пред одржување на изборите, свикува Избирачко собрание.
Претставници во новото Собрание ќе имааат само оние членки на Конфедерацијата кои редовно плаќаат членарина.

Член 35

Најмалку дваесет и пет дена пред одржување на изборите, членките ќе достават на здружението список на свои представници во Собранието, според број одреден во претходниот член.

Член 36

Најмалку седум дена пред одржување на изборите, здружението ќе достави кандидатура за Претседателот член на Управниот одбор.

Член 37

Секој именуван претставник може да се кандидира за член на Упарвниот одбор, во колку го подржуваат најмалку пет други избирачи.
Кандидатите за Извршен Претседател мораат да имаат подршка најмалку од десет представника, членови на новото Собрание.
Никој не може да го даде својот глас на повеќе од еден кандидат за Извршен Претседател и член на органот. Секој кандидат може да одреди еден контролор меѓу членовите во новото Собрание, кој ќе ја контролира исправноста на гласањето и броењето на гласачките ливчиња.

Член 38

Изборната комисија ја избира Собранието на предлог на Управниот одбор.
Изборната комисија раководи и претседава со изборниот состанок на Собранието.
Изборната комисија се состои од членови на Управниот одбор кои не доставиле своја лична кандидатура. Во колку под такви услови не постојат барем тројца, бројот ќе се дополни со членовите од Управниот одбор под ист услов. Ако и така не може да се дојде до бројот три, ќе се дополни со членови од новото Собрание на ист начин. Член на Изборната комисија не може да биде ни почесниот претседател, ниту и звршниот претседател.
Членовите на Изборната комисија меѓу себе го бираат извршниот претседателот.

Член 39

Конституираната Изборна комисија ќе ја прифати или одбие, во склад со важечките норми, доставените кандидатури и ќе ги објави списоците на кандидатите и избирачите. После тоа се започнува со гласањето.

Член 40

Секој избирач во одвоени гласачки кутии ќе ги стави ливчињата со имињата на кандидатите, кои се избираат за членови на Управниот одбор односно Извршен Претседател.
Нема да се земат во предвид оние гласачки ливчиња кои се нечитко напишани, и не идентифирааат со сигурност некои од предложените кандидати. Ќе се објават како избрани оние кандидати кои добиле најголем број на гласови.
Членови на Надзорниот орган се избираат на истиот начин како членовите на Управниот одбор.

2. Избор на подпретседатели

Член 41

По завршување на Собранието, во продолжение заседава новиот Управен одбор кој го одредува бројот на претседателите и членови на Надзорниот одбор, кои ќе се бираат и утврдува место, датум и време на одржување на изборот.

Член 42

Изборната постапка ќе се одвива по следниот критериум:
- за избирачи се сметаат сите членови на новиот Управен одбор како и Претседателот;
- се избираат сите подпредседатели;
Секој избирач може да достави своја кандидатура до Претседателот во колку го подржуваат најмалку:
- останати пет избирачи, ако кандидатурата е за подпредседател;
Претседателот може, без потреба од некоја друга подршка, да предложи по еден кандидат за секое место кое треба да се потполни.

Никој не може да подржи повеќе од два кандидати за Подпретседатели, па третиот или накнадниот глас за подршка ќе биде поништен. Во колку се избира само еден Подпретседател, тогаш никој не може да подржи повеќе од еден кандидат.
Кандидатурите се доставуваат до Претседателот, потпишани од самиот кандидат и оние кои го подржуваат.
Прво се врши избор на подпретседател, а потоа избор на членови на Надзорниот одбор.
Кандидатурите за подпретседател член на Надзорниот одбор се компатибилни, но оној кој ќе биде избран за подпретседател ќе ја повлече својата кандидатура за член.
За таа цел ќе се користат различните гласачки кутии и гласачки лифчиња за подпретседатели и членови, а броењето гласови ќе започне со броење гласови за подпретседател.

Член 43

Воколку за време на мандатот се појави слободно место Управниот одбор е овластен за именување на заменик, а неговото привремено одредување ќе се достави на ратификување на Собранието на нејзиното прво заседание.

В. СТОПАНСКИ СИСТЕМ

Член 44

За обавување на стручни, технички, правни, организациони, материјално-финансиски, административни, помошни работи, како и за обавување на стопански или други делјности, здружението може да образува една или повеќе стручни служби, работен систем, односно сопствен организационен облик. Здружението може да основа сопствено претпријатие за да обавува работа и дејности предвидени со овој Статут или дел од овие работи да ги довери на други правни или физички лица.
Одлуката за основање, организација, задачите на организационите облици за обавување на стручни работи и стопански дејности, како и за доверување на дел од работите на други правни и физички лица се донесува на предлог на Генералниот секретар на Управниот одбор.

Член 45

Обавувањето на поедини стручни финансиски, административно-технички и помошни работи на здружението кои се од повремен карактер, на предлог на Генералниот секретар , Управниот одбор може да довери на поедини физички и правни лица на основа на заклучен писмен договор за повремено вршење на тие работи.

## VI. НОРМАТИВА

Член 46

За измени и дополненија на Статутот исклучиво е надлежно Собранието, свикано со таа цел, на основа на предлог на Управниот одбор или Надзорниот одбор, или број на членови на Собранието кое преминува повеќе од третина на нејзиниот состав.
Одобрувањето за измена треба да биде прифатено со апсолутно мнозинство од претставниците во Собранието.
Прописите за внатрешната организација како и нивни измени и дополнувања донесува Управниот одбор.

## VII. ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Член 47

Здружението може да престане со работа врз основа на Одука донесена од Собранието или врз основа на надлежниот орган за распуштање на здружението, донесени врз основа на закон.
Собранието пред да донесе одлука за распуштање, донесува одлука за распределба на имотот
За полноважна одлука на Собранието на здружението за престанок на работа ,потребно е на состанок на Собранието со лично изјаснување да се изјасни најмалку 2/3 членови од Собранието.

Член 48

Во случај на престанок со работа , имотот на здружението припаѓа на:
1. Подвижниот имот, техничките средства и опремата добиена на користење, се враќаат на сопствениците на тие средства.
2. Останатиот имот на основа на одлука на Собранието на здружението со цел на подмирување на обврските .
3. Преостанатиот имот кој ќе остане после подмирување на обврските на се префрла во Фонд за Екологија, Децата без родители И Лицата со посебни потреби, подеднакво

Скопје, 19.11.2009